ПОКАНА

за учество на тренинг за дефинирање на соодветни индикатори за мониторинг на квалитетот на воздухот

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да учествувате на тренингот за дефинирање на индикатори за мониторинг на квалитетот на воздухот кој ќе се одржи на 06.02.2024 со почеток од 10 часот во просториите на Општина Кавадарци.

Тренингот го организира Центар за климатски промени, во рамките на проектот „Справување со загадување на воздухот“, кој е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Тренингот ќе го спроведуваат Магдалена Трајковска Трпевска, директор на компанијата ТЕХНОЛАБ Скопје и Емил Ангелов, а ќе им овозможи на учесниците да се запознаат зошто е потребно во планските документи да се дефинираат правилни индикатори, како да се дефинира соодветен SMART индикатор за секоја мерки (специфичен, мерлив, остварлив, релевантен и временски ограничен) и начин на следење на степенот на имплементација на мерките од плановите преку избраните индикатори.

За таа цел од исклучително значење за оваа работилница е присуството на претставници на општината кои работат во релевантните сектори и одделенија.

Во прилог Ви ја доставуваме и агендата за тренингот. Воедно, со цел подобра организација на настанот Ве замолуваме најдоцна до 02.02.2024 да не информирате за бројот на претставници од Вашите општини кои ќе присуствуваат на тренингот.

Со надеж дека ќе ја прифатите оваа покана, и ќе бидете дел од тренингот, останувам со почит,

Бојана Станојевска Пецуровска,

Центар за климатски промени

**Агенда**

Тренинг за дефинирање на индикатори за мониторинг на квалитетот на воздухот

**Дата:** 06.02.2024, 10:00 часот

**Локација:** Плоштад Маршал Тито бб, 1430, Кавадарци (Општина Кавадарци)

| | | |
|---|---|---|
| **10:00-10:30** | **Регистрација на учесници** | |
| **10:30-10:45** | Отворање на работилницата<br><br>Вовед во тренигот и темата | Претставник на Општина Кавадарци<br><br>UNDP претставник<br><br>**М-р. Бојана Станојевска Пецуровска, ЦКП** |
| **10:45 – 11:15** | Индикатори, која е намената и како се избира соодветен SMART индикатор за одредена акција | **М-р. Емил Ангелов** |
| **11:15 – 12:00** | Колку се SMART постоечките индикатори за мониторинг на мерките на плановите за квалитет на амбиентен воздух ? | **М-р Магдалена Трајковска Трпевска, Технолаб** |
| **12:00 – 12:30** | Кафе пауза | |
| **12:30 – 12:45** | Следење и известување за степенот на имплементација на мерките на плановите за квалитет на амбиентен воздух преку избраните индикатори | **М-р. Бојана Станојевска Пецуровска, ЦКП** |
| **12:45 – 13:45** | Работа во групи за дефинирање/ревизија на индикаторите избрани за следење на степенот на имплементација на плановите за квалитет на амбиентен воздух | Сите учесници |
| **13:45-14:00** | Презентација на резултатите од работата во групи | Сите учесници |
| **14:00 – 14:15** | Дискусија | Сите учесници |
| **14:15 – 15.15** | Ручек | |